**Известување за концентрација со која АЛФИ Ренуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. од Словенија и МК Грин Енерџи ЛТД од Република Кипар ќе стекнат заедничка контрола над друштвата Сантастик Оне д.о.о. Београд, Република Србија и Сантастик Ту д.о.о. Београд, Република Србија**

**(предмет бр. 08-165 од 2023 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 14.11.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнување на заедничка контрола од страна на друштвата АЛФИ Ренуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија и МК Грин Енерџи ЛТД со регистрирано седиште на адреса Грива Дигени 115, Тридент Центар, 3101 Лимасол, Република Кипар над друштвата Сантастик Оне д.о.о. Београд со регистрирано седиште на адреса Владимир Поповиќ 50, 6. Спрат, стан бр. 463, 11070 Белград (Нови Београд) и Сантастик Ту д.о.о. Београд со регистрирано седиште на адреса Владимир Поповиќ 50, 6. Спрат, стан бр. 463, 11070 Белград (Нови Београд).

**-АЛФИ Ренуаблс, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о.** е словенечко друштво за управување со алтернативни инвестициски фондови, основано кон крајот на 2020 година, со регистрирана главна дејност – управување со фондови. АЛФИ Ренуаблс управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. управува со специјализиран инвестициски фонд АЛФИ зелени извори на енергија, Специјален инвестициски фонд, со регистрирано седиште на адреса улица Веровшкова 55А, 1000 Љубљана, Република Словенија, кој извршува активност на вложување на средства, собрани од различни инвеститори согласно неговата политика за инвестирање, во ветерни и фотоволтаични централи кои произведуваат електрична енергија преку трансформација на ветерна и сончевата светлина како природни обновливи ресурси, по можност во фазата на изградба или во подоцнежната фаза на развој.

Алфи Групата во својата поширока смисла е присутна и остварува приход во Северна Македонија. Во својот поширок состав Алфи Групата ги има следните регистрирани зависни друштва во Северна Македонија:

**-АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје,** со регистрирано седиште на адреса Булевар Киро Глигоров бр. 13, Гази Баба, Скопје, кое е активно со продажба на големо на играчки, квалитетна опрема за деца, детски додатоци и текстилни производи за деца.

**-МК Грин Енерџи** е друштво во состав на МК Групата, која е под конечна контрола на г. Миодраг Костиќ („МК Група“). Во состав на МК Групата се наоѓаат повеќе од 40 поврзани друштва кои работат во Србија и во странство, и кои вработуваат повеќе од 6.000 луѓе.

Деловната активност на МК Групата како целина, е во основа производство и трговија со земјоделски производи. МК Групата е активна со производство на шеќерна репка, шеќер, пченка, пченица, јачмен, маслодајна репка, и други ратарски култури со употреба на најсовремени агротехнички мерки и земјоделска механизација од последна генерација. Покрај ова, МК Групата врши трговија и со земјоделски производи, вештачко ѓубриво, пестициди, меркатилни и семенски производи (пченица, пченка, соја...). Дополнително, МК Групата се занимава и со туризам, информациски технологии, како и со банкарски и брокерско-дилерски работи.

МК Групата нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија, но остварува приходи од продажбата (извоз) на земјоделски производи.

**-Сантастик Оне** е основано во септември 2021 година со цел развој на фотонапонска електрана „*Сантастик Оне солар ПВ*“ во општина Алексинац, Република Србија, со максимална моќност од 8,75 MW. Сантастик Оне поседува одредени имоти, дозволи и права за развој и изградба на сончева електрана „Сантастик Оне солар ПВ“.

**-Сантастик Ту** е основано во септември 2021 година со цел развој на фотонапонска електрана „Сантастик Ту солар ПВ“во општина Алексинац, Република Србија, со максимална моќност од 8,75 MW. Сантастик Ту поседува одредени имоти, дозволи и права за развој и изградба на сончевата електрана „Сантастик Ту солар ПВ“.

Сантастик Оне и Сантастик Ту не остваруваат приходи и немаат регистрирани зависни друштва во Северна Македонија.

Релевантниот пазар на стоки во Северна Македонија треба да биде дефинирано како ***пазар за производство и продажба на електрична енергија на големо***.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

16.112023 година

Скопје